UNVIVERSITY GOCE DELCEV – STIP
FACULTY OF LAW



# STUDENT'S SOCIAL SCIENCE JOURNAL

YEAR 2021, ISSUE NUMBER 11

GOCE DELCEV UNIVERSITY – STIP
FACULTY OF LAW

ISSN 2545-4021

# STUDENT'S SOCIAL SCIENCE JOURNAL

ISSUE 11 VOLUME XI

YEAR 2021

**STUDENT’S SOCIAL SCIENCE JOURNAL**
**FACULTY OF LAW**
**UNVIVERSITY GOCE DELCEV – STIP**

**Year 2021, Issue Number 11**
**ISSN 2545-4021**

**Publisher:**
prof. Jovan Ananiev, Ph.D

**Editorial Board**
prof. Blažo Boev, Ph.D
prof. Liljana Gudeva – Koleva, Ph.D
Risto Kostruranov, LL.M
prof. Jovan Ananiev, Ph.D
prof.Ana Nikodinovska Krstevska, Ph.D

**International Editorial Board**
**Ivan Ilic**
Faculty of Law, University in Nis, Serbia
**Agim Nuhiu**
Faculty of Law, State University of Tetovo, Macedonia
**Dunja Duić**
Faculty of Law in Osijek, Croatia
**Olga Koshevaliska**
Associate professor at the Faculty of Law
Goce Delchev University in Shtip, Macedonia
**Elena Maksimova**
Assistant professor at Faculty of Law,
Goce Delchev University in Shtip, Macedonia
**Ana Nikodinovska Krstevska**
Associate professor at Faculty of Law,
Goce Delcev University in Shtip, Macedonia
**Olga Sidenko**
Senior lecturer in political science at Voronezh state University,
Lecturer at Voronezh State University, Russia
**Dimitar Apasiev**
Assistant professor at the Faculty of Law,
University Goce Delcev – Shtip, Macedonia
**Andon Majhoshev**
Associate professor at the Faculty of Law,
University Goce Delcev – Shtip, Macedonia
**Darya Scheglova,**
Senior lecturer in political science at Voronezh state University,
Lecturer at Voronezh State University, Russia
**Boryana Aleksandrova**
Sofia University “St. Kliment Ohridski”, Bulgaria;
Faculty of Law, Department for International Law and International Relations, Bulgaria
**Giorgia Bevilacqua**
National Research Council, Institute for Research on Innovation and Services for Development “, Italy
**Nives Mazur Kumrić**
Faculty of Law, University of Liège, Belgium
**Iskren Ivanov**
Senior Lecturer at Sofia University "St. Kliment Ohridski"

**Editorial Staff**
Ass. Prof. Elena Maksimova, Ph. D
Teaching assistant Natasha Doneva, LL.M

**Editor in chief**
Ass. Prof. Elena Maksimova, Ph. D

**Language editor**
Vesna Ristova
(Macedonian language)

**Technical editor**
Slave Dimitrov

**Address of the Editorial office**
University Goce Delcev – Stip
Faculty of Law
ul.”Krste Misirkov” 10-A PO.BOX 201
PO. Box 201, 2000 Stip
Republic of Macedonia

# Содржина

Газепова Вероника
**ПРАВНАТА РЕГУЛАТИВА НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА ЗА ЗАШТИТА И УНАПРЕДУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА ВОЗДУХОТ** ........ 3

Данилова Валентина
**ОДГОВОРНОСТ НА АДВОКАТОТ ЗА СТОРЕНА ШТЕТА НА КЛИЕНТИ И ТРЕТИ ЛИЦА ПРИ ВРШЕЊЕТО НА ДЕЈНОСТА ВО МАКЕДОНСКОТО ПРАВО** ........ 11

IADEVAIA Simona
**LE NUOVE FRONTIERE DELLE POLITICHE MIGRATORIE. QUALE TUTELA PER I DIRITTI DEI MIGRANTI?** ........ 23

ЈОВАНОВ Кристијан
**ПРАВНАТА РАМКА НА ДОГОВОРНИОТ ЗАЛОГ ВО МАКЕДОНСКИОТ ПРАВЕН СИСТЕМ** ........ 31

МЕМЕДОВИЌ Неџад
САЛИФОСКА Фатима
**ВОЈНАТА ВО БОСНА И ХЕРЦЕГОВИНА НИЗ ПРИЗМАТА НА ХУМАНИТАРНИТЕ ИНТЕРВЕНЦИИ И ХУМАНИТАРНАТА ПОМОШ НА ОБЕДИНЕТИТЕ НАЦИИ** ........ 43

ПАВЛОВА Ирена
**ЗАШТИТЕН СВЕДОК ВО КРИВИЧНА ПОСТАПКА** ........ 55

СУРЛОВА Розе
**ЕВТАНАЗИЈА – ДОСТОИНСТВЕНА СМРТ ИЛИ КРИВИЧНО ДЕЛО?** ........ 65

ХАЏИ-НИКОЛОВ Лазар
**АНАЛИЗА НА ПРВОСТЕПЕНАТА ПОСТАПКА ЗА УТВРДУВАЊЕ ПРАВЕН СТАТУС НА БЕСПРАНО ИЗГРАДЕНИ ОБЈЕКТИ ВО Р.С. МАКЕДОНИЈА** ........ 75

ШКАРИЌ Катица
**ПРОЦЕСНАТА ПОЛОЖБА НА ОБВИНЕТИОТ ВО ТЕКОТ НА КРИВИЧНАТА ПОСТАПКА** ........ 89

**СТУДЕНТСКИ ПУБЛИКАЦИИ ВО РАМКИ НА ИНТЕРДИСЦИПЛИНАРЕН ПРОЕКТ** ........ 97

БАГАРОВА Ани
АТАНАСОВА Невенка
**ТРГОВИЈА СО ДРОГА** ........ 99

ЈОВАНОВСКА Кристина
**МАЛОЛЕТНИЧКА ДЕЛИКВЕНЦИЈА: ПРИЧИНИ ЗА НАСТАНУВАЊЕ, ФЕНОМЕНОЛОГИЈА И ПРЕВЕНЦИЈА** ........ 111

МАНЧЕВА Сања
**МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА ЖРТВИ СПОРЕД ЗАКОНОТ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД НАСИЛСТВО ВРЗ ЖЕНИТЕ И СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО** ........ 123

МИТРУШЕВА Наташа
**ЗАТВОРСКА ЗАЕДНИЦА ВО РСМ** ........ 129

МИХАИЛОВА Јована
ПАРИЗОВА Елена
**САНКЦИОНИРАЊЕ НА ДЕЦА – СТОРИТЕЛИ НА ПОВЕДЕНИЈА ШТО СО ЗАКОН СЕ ОПРЕДЕЛЕНИ КАКО КРИВИЧНИ ДЕЛА, СО ПОСЕБЕН ОСВРТ НА КАЗНАТА ЗАТВОР** ........ 135

НАКОВ Иван
**САНКЦИОНИРАЊЕ НА ДЕЦАТА КОИ СЕ ЈАВУВААТ КАКО СТОРИТЕЛИ НА КРИВИЧНИ ДЕЛА** ........ 145

НАЦАКОВА Мила
ДИМЕСКА Ангела
**УБИСТВОТО КАКО КРИВИЧНО ДЕЛО ПРОТИВ ЖИВОТОТ И ТЕЛОТО** ........ 155

НЕДЕВА Ивана
**КРИМИНОЛОШКИ АСПЕКТИ НА ТРГОВИЈАТА СО ДРОГА КАКО ОРГАНИЗИРАН КРИМИНАЛ** ........ 175

ЧАЛШЕВА Кристина
АНГОВА Анастасија
**ВИДОВИ САНКЦИИ СПРЕМА ДЕЦА СОГЛАСНО ЗПД** ........ 195

ШАЛЕВА Корнелија
ТАШКОВА Марина
**ВИКТИМОЛОГИЈА** ........ 205

**ПАВЛОВА Ирена** **УДК: 343.143:340.13(497.7)**

# ЗАШТИТЕН СВЕДОК ВО КРИВИЧНА ПОСТАПКА

**Апстракт:** Сведокот се јавува како едно од најчесто користените доказни средства во кривичната постапка. Меѓутоа, со самата тежина на улогата на заштитен сведок во постапката, самото лице, како и неговите блиски се честопати изложени на ризик и закани од трети лица. Од таа причина, доколку сведокот со својот исказ би се изложил самиот или нему блиско лице на сериозна закана или опасност по животот, здравјето или физичкиот интегритет, може и мора да се обезбедат услови за негова заштита кои можат да бидат процесни или вонпроцесни. Целта на таквата заштита е објективното сведочење за кривичното дело, сторителот, како и другите важни околности за случајот, а при тоа да се заштити лицето кое сведочи и да се избегнат негативните последици за самиот заштитен сведок, и за дејствијата во постапката.

**Клучни зборови:** *правда, сведок, заштита, закон*

**PAVLOVA Irena** **UDK: 343.143:340.13(497.7)**

# PROTECTED WITNESS IN CRIMINAL PROCEEDINGS

**Abstract:** One of the most frequently used evidence in the criminal proceedings is the witness. However, due to the weight of the role of a protected witness in the proceedings, the person himself/herself, as well as his/her relatives are often exposed to risk and threats from third parties. Therefore, if the witness with his/her statement would expose himself/ herself or a person close to him/her to a serious threat or danger to life, health or physical integrity, conditions for his/her protection can and must be provided, which can be procedural or out of process. The purpose of such protection is the objective testimony of the crime, the perpetrator, as well as other important circumstances of the case, while protecting the person who testifies and to avoid the negative consequences for the protected witness, and for the actions in the procedure.

**Key words:** *justice, witness, protection, law*

## ВОВЕД

Поимот „заштитен сведок“ е резултат на истражување, мониторинг на судски постапки и анализа на решенија, одлуки, обвиненија и пресуди, во случаи каде што се јавуваат заштитени или загрозени сведоци или лица со покриен идентитет. Случаи за кои обвинителот предложил, а судот прифатил, да се сослушаат на друг начин, со заштита на нивниот идентитет, согласно Законот за Кривичната постапка и Законот за заштита на сведоци.

Законот за заштита на сведоци[1] во Република Северна Македонија стапи на сила од јануари 2006 година. Со него се овозможи заштита на сведоци, кои поради опасноста што им се заканува по нивниот живот, здравје, личната или безбедноста на семејството, може да бидат сослушани на посебен начин, со определување на статус на заштитен или загрозен сведок, со доделување на псевдоним, кои исказот ќе го дадат со помош на

[1] Закон за заштита на сведоци (Сл. весник на РМ бр. 38/05, 58/05, 71/18).

аудио-визуелни средства, со прикриен лик и изменет глас. Одреден сведок, кој ќе добие заштита како загрозен сведок во текот на постапката, понатаму може да биде вклучен во Програмата за заштита на сведоци, под услови утврдени во законот, со што станува заштитен сведок. Во Македонија, до сега, само еден сведок бил вклучен во програмата за заштита на сведоци, кој подоцна сам побарал да му престане заштитата и го открил својот идентитет, со што го променил и исказот кога сведочел со неговиот вистински идентитет. Заштитата што ја дава судот, со определување на начинот на сослушување, доделување на псевдоним и сведочење со посредство на аудио - визуелни средства, понатаму треба да биде одобрена од Советот за заштита на сведоци, кој, пак, согласно одредбите на истиот закон, може да вклучи одредено лице во програмата за заштита, а тоа да значи и промена на неговиот идентитет, живеалиште, па дури и промена на земјата во која живее, во зависност од степенот на заканата за која треба да се направи соодветна проценка. Во Законот се утврдени сите учесници во постапката кои можат да предложат, одобрат или продолжат статус на заштитен или загрозен сведок, независно дали сведокот го стекнал статусот по кривично правниот настан - во истрага, на главен претрес или потребата од заштита се покажала како неопходна и по завршување на главниот претрес и објавувањето на пресудата.

**„Заштитени“ или „загрозени сведоци“**

Во изминативе години откако стапи на сила Законот за заштита на сведоци, низ судовите во Република Северна Македонија, во постапки биле опфатени околу 80 лица, сведоци кои добиле статус на загрозен или заштитен сведок, или лице со прикриен идентитет. Оваа бројка е добиена со паралелно барање информации од судовите, јавните обвинителствота и полицијата, како и преку детектирање на судски предмети во кои се дознало дека има загрозен или заштитен сведок[2].

Истражувањето покажа дека во македонската пракса, од судска, до стручна, па и поширока јавност, масовно се употребува терминот „заштитен“ сведок, иако, до сега во Македонија само еден сведок бил заштитен, додека, сите други биле загрозени или лица со прикриен идентитет. Законското разграничување помеѓу заштитен и загрозен сведок не е видливо ниту во пресудите на судовите, почнувајќи од Основните до Врховниот суд на Република Северна Македонија, кои во нивните пресуди користат различни термини за ист сведок. Споредувајќи ги домашните решенија со праксата на Судот за човекови права во Стразбур како и со решенијата на земјите во регионов, се воочуваат низа слабости во македонските законски решенија кои мора да бидат изменети и дополнети. Тие треба да одат во насока на зајакнување на улогата на судијата при оценката кое лице треба да добие заштита. Законодавствата на Хрватска и на Босна и Херцеговина нудат многу поефикасни решенија кои можат да бидат солидна основа за вградување на слични решенија и во законите во Македонија. Во принцип, секој сведок е потенцијално загрозен сведок. Неговото сведочење секогаш ќе наиде на реакција кај некој од учесниците во постапката, но затоа судот е тој кој треба да направи сериозна проценка и да даде образложение дали за одреден сведок има оправдана опасност која не може да се реши на друг начин, освен со давање на заштита. Анализираните решенија на истражните судии покажаа дека тие не наведуваат образложени причини за опасноста која му се заканува на сведокот, туку наведуваат дека го прифаќаат предлогот на обвинителот, кој предлог останува тајна за обвинетите и одбраната. Потребата за вклучување на заштитени или загриозени сведоци во постапките мора да биде строго дефинирана и таа да се однесува на најтешките облици на организиран криминал и тоа

[2] Димовски, С. (2014) – Заштитениот сведок како инструмент во македонскиот правен систем, Скопје.

во случаи каде што не можат да се обезбедат докази на друг начин или исказот на сведокот треба да ги потврди веќе собраните докази, а тоа не може да се стори со јавно сведочење. Влијанието и заплашувањето на сведоци се санкционира кривично, но во македонската судска пракса нема информации дека е покрената постапка за влијание или заплашување на сведоци во предметите во кои бил користен заштитен/загрозен сведок.

Судот е тој, кој треба да го оцени претходното однесување на сведокот, дали станува збор за кримногена личност, дали има здравствени проблеми, дали е зависник од опојни средства и натој начин, судијата кој го носи решението треба да биде гарант за почитување на правата на сите учесници во постапката, а пред сè да го утврди кредибилитетот на сведокот. Меѓународната судска пракса станува сè поригорозна кон заштитените (анонимни) сведоци, кои не може да бидат членови на кримнална организација или како сведоци да се појават самите водачи на криминална банда, група, организација, за под плаштот на заштитата, да се спасат себеси од кривична одговорност. Тие можат да бидат само соработници на правдата, за кои е утврдена посебна постапка.

**Кој е заштитен, а кој загрозен сведок?**

Законот за заштита на сведоци, (во понатамошниот текст ЗС) ги определува поимите што е сведок, кој е заштитен сведок или соработник на правдата, дава поставеност на Советот за заштита на сведоци и Одделението за заштита на сведоци како органи кои се грижат за спроведување на мерките определени за заштита на сведоците. Според термините, определени во овој закон, познати се: *сведок, соработник на правдата, жртва која се јавува во својство на сведок, блиско лице и заштитено лице.* Во законот е дефинирано дека: *заштитено лице е сведок, соработник на правдата, жртва која се јавува во својство на сведок и нивните блиски лица, кое со одлука на Советот за заштита на сведоци е вклучено во Програмата за заштита и со кое, Одделението за заштита на сведоци има склучено спогодба за заштита.* Според, законските норми, било кое лице, доколку не влезе во програмата за заштита на сведоци не би може да добие статус на заштитен сведок! Во членот 3 од Законот за заштита на сведоци се дефинирани и кривичните дела каде што може да се користи исказ на заштитен сведок.

*„Овој закон се применува доколку докажувањето на кривичното дело е проследено со несразмерни тешкотии или не може да се изврши без исказ на лице, кое, поради можната опасност да биде изложено на заплашување, закана со одмазда или опасност по животот, здравјето, слободата, физичкиот интегритет или имот во поголем обем, не се согласува во својство на сведок да даде исказ за следниве кривични дела: - против државата, - против човечноста и меѓународното право, - од областа на организираниот криминал и - за кои со Кривичниот законик е пропишана казна затвор од најмалку четири години“*[3].

**Нормативно и поимно определување на сведокот**

Од секогаш, најискористеното доказно средство за извршено кривично дело во кривичната постапка, бил сведокот. Порано, неговото користење како извор на сознание, беше проследено дури и со закана од санкција, (Член 218 ст 1. Повикување на сведок се врши со доставување писмена покана во која ќе се наведе името и презимето и занимањето на повиканиот, времето и местото на доаѓањето, кривичниот предмет по кој

[3] Член 3 од Закон за заштита на сведоци (Сл. весник на РМ бр. 38/05, 58/05, 71/18).

се повикува, назначување дека се повикува како сведок и предупредување за последиците од неоправданиот изостанок (член 224 (ст 1.))[4] за да си ја изврши должноста на сведочење, но во современото законодавство, се напушта таа тенденција и се прибегнува кон почитување на неговата процесна улога и заштита од одредена закана и одмазда. Без таа заштита, во одредени ситуации, сведокот не би можел да ја исполни својата должност на сведочење. Таквиот нов однос кон сведокот во кривичната постапка, го прифати и Република Северна Македонија, посебно со внесувањето на посебна глава за заштита на сведоците, на соработниците на правдата и на жртвите (глава 20) и измените и дополнувањата на ЗКП, објавени во Сл. весник на РМ бр. 83/08, од 10.07.2008 година. Способноста да се биде сведок е од фактичка и правна природа. Фактичката се гледа во моќта да се воочат определени факти и околности како се одиграл настанот, тие да се запаметат, а потоа да можат да се репродуцираат вистинито за она што се случило. Лица со значителни недостатоци во функциите на воочување, запомнување и репродукција, не можат да бидат сведоци. Обврска на судот е да води сметка за способноста на сведоците. Правната способност да се биде сведок ја нема лицето кое не може да биде сослушано како сведок и лицето кое е ослободено од должноста да сведочи, доколку не се откаже од тоа право.

Согласно ЗКП, Како сведоци се повикуваат лица за кои е веројатно дека ќе можат да дадат известување за кривичното дело и за сторителот и за други важни околности[5].

Секое лице кое се повикува како сведок е должно да се јави на поканата, а ако со овој закон не е определено поинаку е должно и да сведочи[6].

Сведок е физичко лице кое е повикано во кривичната постапка од страна на надлежниот орган, а кое е веројатно дека ќе може да даде известување за кривичното дело и сторителот и за други важни околности. Сведокот е должен да се јави на поканата и да ги искаже своите сетилни сознанија (доколку со ЗКП не е определено поинаку) за сите факти што се предмет на докажувањето и што се важни за кривичното дело и за сторителот[7].

Сведок – според ЗС е секое лице кое, согласно ЗКП, има својство на сведок и поседува информации за извршувањето на кривичното дело, неговиот сторител и други важни околности, односно податоци и информации од значење за кривичната постапка, кои се неопходни и решавачки за докажувањето на кривичното дело, со чие известување, животот, здравјето, слободата, физичкиот интегритет или имотот од поголем обем на сведокот, се изложуваат на опасност (чл.2.ст.1.т.1.).

Ова дефиниција всушност ги опфаќа поимите „сведок", и „загрозен сведок", спомнати во чл.237 ст.1 и чл.244 ст.1 од ЗКП. Согласно со Препораката РЕЦ (2005) 9, на Комитетот на министри на државите членки[8], за заштита на сведоците и соработниците на правдата, поимот „сведок", е дефиниран како „кое било лице што поседува информации релевантни за кривичната постапка и за кои во својство на сведок има

[4] Член 218 ст.1 од Закон за кривичната постапка (Сл. весник на РМ бр. 150/10, 100/12, 142/16, 193/16, 198/16).
[5] Член 212 ст. 1 од Закон за кривичната постапка (Сл. весник на РМ бр. 150/10, 100/12, 142/16, 193/16, 198/16).
[6] Член 212 ст.3 Закон за кривичната постапка (Сл. весник на РМ бр. 150/10, 100/12, 142/16, 193/16, 198/16).
[7] Лажетиќ- Бужаровска Г, Калајџиев Г, Мисоски Б, Илиќ-Димоски Д (2015),Казнено процесно право'' – учебно помагало, Скопје.
[8] Препорака Рец (2005) 9 на Комитетот на министри на државите – членки за заштита на сведоците и соработниците на правдата од 2005 год.

дадено или е способно да даде исказ (без оглед на неговиот статус, директно или индиректно, усно или во пишана форма, во согласност со националното право), кој не е вклучен во дефиницијата „соработник на правдата“.

Дефиницијата на поимот сведок во чл.2. од Законот за заштита на сведоци, содржи повеќе елементи:

а) тоа е лице кое согласно со ЗКП има својство на сведок;

б) кое поседува информации за извршување на кривичното дело, неговиот сторител и други важни околности, односно податоцин и информации од значење за кривичната постапка;

в) тие информации и податоци се неопходни и решавачки за докажувањето на кривичното дело;

г) нивното изнесување би преставувало изложување на опасност на животот, здравјето и слободата, физичкиот интегритет или имотот од поголем обем на сведокот.

Поимот *„соработник на правдата“* е дефиниран во ст.1 т.2, од ЗС[9], поимот *„жртва“* во ст.1 т.3, поимот *„блиско лице“* во т.4, а поимот *„заштитено лице“* во т.5 од ова одредба. Од тука, *„заштитено лице“* е сведок, соработник на правдата, жртва, која се јавува во својство на сведок и нивните блиски лица, кое со одлука на Советот за заштита на сведоци, е вкучено во програмата за заштита и со кое Одделението за заштита на сведоци има склучено спогодба за заштита.

Според препораката РЕЦ (2005)9, поимот „заплашување“ содржи два аспекта: првиот опфаќа директна или индиректна закана насочена кон сведокот, соработникот на правдата, жртвата, која се јавува во својство на сведок и ним блиски лица, а вториот, подразбира дека оваа закана може да доведе до влијание врз волјата на лицето да даде исказ во својство на сведок во кривичната постапка.

**Постапка за вклучување во програмата за заштита на сведоци**

Предлог за вклучување во Програмата за заштита на сведоци до Советот за заштита на сведоци, поднесува Јавниот обвинител на Република Северна Македонија. Предлогот Јавниот обвинител на Република Северна Македонија го поднесува врз основа на писмено барање за вклучување во Програмата доставено од Министерството за внатрешни работи, надлежниот јавен обвинител или судијата кој постапува по конкретниот предмет.

Покрај Јавниот обвинител барање за вклучување во Програмата може да поднесе и лицето кое поради можната опасност да биде изложено на заплашување, закана со одмазда или опасност по животот, здравјето, слободата, физичкиот интегритет или имот од поголем обем, не се согласува во својство на сведок да даде исказ во кривичната постапка и има потреба од дополнителна заштита и гарантирање на неговата безбедност и безбедноста на неговото семејство.

Следно Јавниот обвинител на Република Северна Македонија до Одделението ги доставува сите неопходни информации за лицето за кое се бара вклучување во Програмата заради добивање мислење во кое ќе бидат содржани описот и процената на опасноста која му се заканува на лицето, предлог за можните трошоци кои би настанале при спроведување на постапката за заштита како и предлог на кои мерки за заштита би се презеле и нивно траење. Доколку Јавниот обвинител на Република Северна Македонија го прифати барањето и причините за кои се бара вклучување во програмата се оправдани, во рок од осум дена од денот на приемот на барањето, до Советот поднесува предлог за вклучувањето во Програмата и се започнуваат сите активности околу заштита на сведокот.

[9] Закон за заштита на сведоци (Сл. весник на РМ бр. 38/05, 58/05, 71/18).

При донесувањето на одлука за вклучување во Програмата, потребни се одредени критериуми на кои советот обрнува посебно внимание и тоа:

– значењето на информациите кои ги поседува лицето чија заштита се предлага за извршувањето на кривичното дело, неговиот сторител и други важни околности, односно податоци и информации од значење за кривичната постапка што се неопходни и решавачки за докажувањето на кривичното дело;

– информациите од значење за кривичната постапка кои ги поседува лицето чија заштита се предлага, да не можат да се обезбедат на друг начин;

– сериозноста на заплашувањето;

– волјата на лицето чија заштита се предлага да соработува со правосудните органи и во процесот на спроведувањето на мерките за заштита со Одделението.

По разгледување на предлогот за вклучување во Програмата, Советот најдоцна во рок од 30 дена од денот на доставувањето на предлогот на Јавниот обвинител на Република Северна Македонија ќе донесе одлука и за тоа ќе ги извести Јавниот обвинител на Република Северна Македонија и Оделението.

Доколку предлогот за вклучување во Програмата е прифатен, Советот ќе го задолжи Одделението да склучи спогодба со лицето кое е вклучено во Програмата каде се содржат сите мерки на заштита како и обврските на двете страни додека трае заштитата.

**Процедура**

Заштитата на сведоците може да биден процесна, уредена со одредбите на ЗКП, и вонпроцесна, уредна со Законот за заштита на сведоците. Заштитата на загрозениот сведок се состои во посебен начин на испитување и учество во постапката уредени со овој закон (ЗКП) и со примена на мерки на заштита вон постапката уредени со посебен закон. Ако во текот на постапката загрозениот сведок изјави дека не сака посебен начин на учество и на испитување, тој ќе се испита според општите правила за испитување на сведоци. Повикување на загрозен сведок во претходна постапка или на главна расправа се врши преку Одделението за заштита на сведоци при министерството за внатрешни работи.

Јавниот обвинител со решение го определува псевдонимот на загрозениот сведок, имот на загрозениот сведок, како и посебниот начин на учество во постапката и испитувањето. Посебниот начин на испитување може да се состои од прикривање на идентитетот и изгледот на загрозениот сведок (член 229 и член 230 од ЗКП). Делумно и одредбата на чл.243 е од тој тип, бидејќи го регулира испитувањето на малолетно лице, жртва на трговија со луѓе, насилство или сексуална злоупотреба, односно т.н. ранлива категорија на лица, но тука посебно ќе бидат земени предвид типичните одредби кои се однесуваат на загрозените, односно на заштитените сведоци. Начинот на испитување на овие посебно ранливи сведоци, подразбира дека прашањата може да им се поставуваат само преку органот што ја води постапката, кој спрема таквото лице треба да се однесува со посебно внимание за да се избегнат штетните последици на кривичната постапка врз неговата личност, телесното и душевното здравје. Испитувањето може да се врши со помош на психолог, социјален работник или друго стручно лице[10].

Ако повиканото лице од ставовите 4 и 5 на овој член, освен обвинетиот, сметаат дека со давањето известувања за сознанијата во однос на наводите во пријавата, ќе се изложи себеси, или нему блиско лице, на сериозна опасност по животот, здравјето или

[10] Лажетиќ-Бужаровска Г, Калајџиев Г, Мисоски Б, Илиќ-Димоски Д (2015) Казнено процесно право – учебно помагало, Скопје.

физичкиот интегритет, може да побара од јавниот обвинител, примена на одредбите за посебен начин на учество во постапката, уредени со овој закон.

Според чл.219 ст.3, ако постои верајотност дека со давањето на исказ или со одговор на определено прашање, сведокот, соработникот на правдата или жртвата, односно оштетениот, би се изложил себеси или нему блиско лице, на сериозна опасност по животот, здравјето или физичкиот интегритет (загрозен сведок), загрозениот сведок може да го ускрати давањето исказ.

Заштитата на загрозениот сведок се состои во посебен начин на сослушување и учествување во постапката уредени со овој закон (гл. 20) и со примена на мерки на заштита вон постапката, уредени со посебен закон.

Треба да постои објективно, реално стравување за постоење на опасност од ст. 1 на чл. 244 од ЗКП, што го оценува истражниот судија, односно претседателот на советот. Оценката за постоење на сериозна опасност во смисла на чл. 244 ст. 1 од ЗКП, можеби пореална и поблиска и до заштитата на правата на обвинетиот, би била, кога е ценета низ призмата на самиот сведок, што како алтернатива се избегнува или не се практикува во судовите во Република Северна Македонија.

Овој недостаток не само што им дава супремација на надлежните државни органи, туку внесува и можност за злоупотреба на таквата положба и создавање на услови за лажирање на одредени состојби. Таа објективна опасност треба да е таква што недвосмислено, експлицитно се изразува, забележува или чувствува, да е од појак интензитет, што на било кој начин допрела до сведокот и тој го осетил нејзиното значење, што нема да биде некоја споредна работа, сугестивна или нему наметната состојба, затоа што, со перфидна манипулација, безкруполозноста и малодушноста на одредени сведоци со слаби карактерни особини или со криминално минато, може да биде искористено за конструирање на „состојба на загрозеност“, иако, во нормални услови, ни од далеку не може да станува збор за таква состојба.

Во тој контекст, познати се случаи во праксата, на нудење на разни погодности на одредени лица, како разни облици на аболиција, пуштање од притвор и слично, до создавање и на бизнис поволности, за под превезот на „загрозен сведок“ истиот да се искористи како алатка за нечие санкционирање, кое во тој момент е оценето како погодно средство за пресметка, иако начинот не е дозволен.

Во судската пракса на судовите во РМ, познат е еден случај во кој самиот загрозен сведок се откажал од тоа својство, за понатаму постапката да се спроведува по општите правила на ЗКП, а загрозениот сведок бил обвинет (Случај „Монструм“)[11].

Членот 227 се однесува на заштитата на загрозениот сведок во предходната постапка. Веднаш штом ќе дознае за веројатноста за постоењето на околностите од чл. 226 на овој закон, јавниот обвинител ќе преземе мерки за заштита на загрозениот сведок. Јавниот обвинител за тоа ќе го запознае загрозениот сведок. Не впуштајќи се во законската цел на ова одредба (рацио легис), мора да се истакне дека е преголема „заштитничката улога“ кон сведоците што во голем дел е спротивна на суштината на поимот „загрозен сведок“. Тој треба „на своја кожа“ да ја осознае опасноста, за да бидат исполнети и елементите за стекнувањето на тоа својство, а не некој друг тоа да го оценува и да може практично и да го злоупотреби тоа и да исфабрикува „заштитен сведок“. Запрепастувачки делува и предвидувањето на спомenатата одредба во ставот 2, која предвидува дека едно исто лице - јавниот обвинител за тоа својство сам донесува решение, сам го определува својството, псевдонимот на загрозениот сведок, посебниот начин на учество и испитувањето во постапката, како и тоа дека, на испитувањето на

[11] http://www.akademik.mk/sudenje/monstrum-2/

загрозениот сведок во предходната постапка не присуствуваат обвинетиот и неговиот бранител, ниту оштетениот и неговиот законски застапник.

Тука основано се поставува прашањето: кои се тогаш процесните права на обвинетиот и неговиот бранител и дали само со декларативна заложба за заштита на правата на обвинетиот ќе се овозможи „фер" постапка, утврдена во чл. 6 ст. 1 од ЕКЧП.

Неприсуството на обвинетиот и бранителот при испитувањето на загрозениот сведок во предходната постапка не е разбирливо и од аспект на тоа, зошто да не присуствува на сите форми на заштита на загрозениот сведок, а во одреден случај во праксата, може тоа да се однесува само за испитување на заштитен сведок со псевдоним, без другите модалитети, што наметнува потреба од преиспитување на таа забрана, бидејќи е во очигледна противречност и со одредбата на чл. 229 од овој закон.

Според ст. 3 на чл. 227 од ЗКП, податоците за загрозениот сведок, јавниот обвинител ќе ги запечати во посебен коверт, кој под псевдоним ќе стои во предметот и него, по потреба, може да го отвори второстепениот суд, кога одлучува по жалба.

Ставот 4 на чл. 227 од ЗКП, уредува дека на загрозениот сведок не смее да му се поставуваат прашања со кои на директен или индиректен начин, би го открил својот идентитет, местото на живеење, вработеноста и членовите на семејството.

Лицата кои во било кое својство ќе ги дознаат податоците за загрозениот сведок, се должни да ги чуваат како класифицирана информација (ст. 5 на чл. 227). Иако е разбирлива тенденцијата на заштитата предвидена во ст. 4 на чл. 227 од ЗКП, во интерес на утврдувањето на вистината, не може да се забрануваат прашања врзани за конкретниот случај, а кои всушност го поткрепуваат кредибилитетот на сведокот или го разобличуваат неговиот наменски статус и улога во кривичната постапка. Одредбата на чл. 228 се однесува на заштитата на загрозениот сведок на главната расправа. Писмено образложениот предлог за посебниот начин на испитување на загрозениот сведок, јавниот обвинител во запечатен коверт му го поднесува на судијата, односно советот, за оцена на обвинителниот акт, при поднесувањето на обвинителниот акт (чл. 228 ст. 1). Судот одлучува за предлогот на јавниот обвинител со решение, кое е должен да го донесе во рок од 48 часа, од приемот на предлогот (ст. 2). Ако судот го прифати предлогот на јавниот обвинител, ќе го определи со решение псевдонимот на загрозениот сведок, ако до тогаш не бил определен, како и посебниот начин на учество во постапката и испитувањето. Против решението на судот, не е дозволена жалба (ст.3 на чл. 228 од ЗКП). Според ст. 4 на чл. 228, посебниот начин на испитување може да се состои од прикривање на идентитетот, а во определени случаи и изгледот на загрозениот сведок. Членот 229 го регулира испитувањето под псевдоним, идентично со претходната одредба која важеше до 2013 година, со поконцизна одреденост, односно со испуштање на делот кој се однесуваше на лицата кои преземале посебни истражни мерки, така да сега е појасно дека другиот дел на испитувањето ќе се спроведе според општите одредби за испитување сведок. Членот 230 го уредува испитувањето со помош на технички уреди за пренос на слика и тон. Членот 231, како новина, се однесува на правата на одбраната при испитувањето на загрозениот сведок на главната расправа. Според ст.1, при испитувањето на загрозените сведоци на главната расправа, посебно ќе се внимава на правото на обвинетиот и неговиот бранител, да имаат соодветна и доволна можност да ги оспоруваат и да ги проверуваат нивните искази. Според ст. 2 на чл. 231 од ЗКП, пресудата не може да се темели само врз основа на исказот на загрозениот сведок, прибавен со примена на одредбите за прикривање на неговиот идентитет или изгледот, заради негова заштита и заштита на неговите блиски.

Ако се направи една генерална споредба помеѓу старите и новите одредби на ЗКП кои се однесуваат на заштитата на загрозениот сведок, може да се заклучи дека неговата положба суштински не е изменета, но со таа разлика што, положбата на обвинетиот и

неговиот бранител во основа се влошени, и покрај декларативната заложба на чл. 231 ст. 1 од новиот ЗКП.

**Право на надомест на штета за оштетени – загрозени сведоци**

Прашањето за надомест на штета на заштитени, загрозени сведоци кои можат да се јават и како оштетени, покажа дека е неизводливо, имајќи ги во предвид стриктните одредби на Законот за парнична постапка, каде што јасно е утврдено што треба да содржи секоја тужба. Генералиите на тужителот се задолжителни како и копија од лична карта, па од тука, не може да се определи право на надомест на штета на лице кое настапувало со прикриен идентитент или заштита.

Во опција се две алтернативи:

1. Надоместокот да го определи судот во кривичната постапка и на тој начин да се избегна секоја можност за откривање на идентитетот;
2. Во Законот за парнична постапка да се вметнат посебни одредби кои ќе ја регулираат постапката за надомест на штета, за лица кои биле опфатени со програмите за заштита во кривичната постапка.

Размислувањата за решавање на ова правно прашање одат во следнава насока: доколку судот, во кривичната постапка, го прифател барањето за надомест на штета на оштетените - загрозени сведоци, ќе има ситуација каде што пресудата би била неизвршлива. Прашањето не е регулирано ниту во законот за извршување, па од таму, како размислување се наметнува следново: дали судот и јавниот обвинител кои предложиле соодветен степен на заштита и ја дозволиле заштитата не треба да бидат вклучени до крај во оваа постапка, вклучувајќи го и решавањето на прашањето за надомест на штета. Дали средствата утврдени како надомест на штета, оштетените (загрозени сведоци) можат да ги добијат преку посебна сметка во судот или јавното обвинителство, на која би биле префрлиле средствата од обвинетите по основ на правосилна кривична пресуда, а ќе му бидат исплатени на сведокот со решение на судот или обвинителот кои ја воделе постапката и само за кои е познат идентитетот на сведоците.

Судиите парничари се неподелени во мислењето дека овие сведоци не можат да се јават како тужители со псевдонимот кој им го дал судот во текот на кривичната постапка, ниту пак да овластат полномошник кој во нивно име и за нивна сметка би ја водел постапката, без приложување на полномошно на кое ќе бидат наведен нивниот вистински идентитет[12].

Гледајќи ги решенијата во процесните закони, на загрозените сведоци им останува можноста да ги користат апсолутните рокови од три или пет години за поднесување на тужбата, со нивниот вистински идентитет доколку поминала опасноста поради која сведочеле под заштита, или пак да го откријат нивниот идентитет веднаш по правосилното завршување на кривичната постапка (доколку пресудата не подлежи на вонредни правни лекови и не постои можност да биде вратена на повторно судење, а со тоа и нивно повторно повикување како сведок) и на тој начин да го остварат ова право.

## ЗАКЛУЧОК

Сведокот е физичко лице кое е повикано во кривичната постапка од страна на надлежниот орган, а кое е веројатно дека ќе може да даде известување за кривичното дело и сторителот и за други важни околности. Сведокот е должен да се јави на поканата

[12] Димовски, С (2014) – Заштитениот сведок како инструмент во македонскиот правен систем, Скопје.

и да ги искаже своите сетилни сознанија (доколку со ЗКП не е поинаку определено) за сите факти што се предмет на докажувањето и што се важни за кривичното дело и за сторителот.

Доколку сведокот со својот исказ би се изложил самиот или нему блиско лице на сериозна опасност по животот, здравјето или физичкиот интегритет, можат да се обезбедат услови за негова заштита кои можат да бидат процесни или вонпроцесни.

Потребата од користење на заштитени сведоци во делата за организиран криминал имаат важна улога, но судовите и јавното обвинителство мора да направат сериозни проверки пред да го определат статусот на сведокот, бидејќи се можни злоупотреби кои ќе резултираат со негативни последици за македонското судство, за што сме биле сведоци во неколку случаеви во земјата. Одговорноста во таквите ситуации мора да ја сносат лицата кои го вршат институирањето, но сепак тоа да не оди на штета на заштитениот сведок. Нашето законодавство, исто така, е потребно да овозможи поголем пристап до сите докази, вклучувајќи и податоци за сведокот. Законските критериуми дополнително да се утврдат во поглед на условите под кои едно лице може да се јави како заштитен сведок, како и предвидување на можноста за престанување на обврските со јасна напомена на последиците.

Правото на надомест на штета за оштетените – загрозени сведоци, го отвара прашањето и ја наметнува потребата во Законот за парнична постапка да се доуредат веќе постоечките одредби кои ја регулираат постапката за надомест на штета, за лица кои биле опфатени со програмите за заштита во кривичната постапка. Досегашната законска регулатива се покажа како неизводлива, ако се земат предвид елементите на тужбата што треба да се содржат согласно Законот за парнична постапка.

За добивање на поголема ефикасност во постапките каде што се јавува потребата од заштитени сведоци, како и за нивна поглема заштита потребно е да се зајакне контролата врз сите судски инстанци кои се инволвирани во целокупниот процес, а и во самите постапки. Подигањето на степенот на заштита и избегувањето на несаканите последици и ризици за сведоците се од огромно значење за судството во Република Северна Македонија, бидејќи само на тој начин ќе докажеме дека имаме правен систем кој може да се носи рамо до рамо со правните системи на земјите во светот.

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


Димовски, С (2014) – Заштитениот сведок како инструмент во македонскиот правен систем, Скопје;

Лажетиќ – Бужаровска, Г., Калајџиев, Г., Мисоски, Б., Илиќ – Димоски Д., (2015) – Казнено процесно право – учебно помагало, Скопје;

Закон за заштита на сведоци (Сл. весник на РМ бр. 38/05, 58/05, 71/18);

Закон за кривичната постапка (Сл. весник на РМ бр. 150/10, 100/12, 142/16, 193/16, 198/16);

Препорака Рец (2005) 9 на Комитетот на министри на државите – членки за заштита на сведоците и соработниците на правдата од 2005 год;

Европска конвенција за заштита на човековите права (согласно протоколите број 11 и 14, со протоколите број 1,4,6,7,12 и 13, Службен весник на РМ 01.06.2010);

Академик http://www.akademik.mk/sudenje/monstrum-2/, последен пристап на 01.04.2021.